ДО
Современ дом АД
Ул. Александар Македонски бб
Прилеп

18.05.2017 г.

- **Одбор на директори**

**Предмет:** Барање за измена и дополнување на објавениот дневен ред за Собранието на акционери на Современ дом АД Прилеп закажано на ден 13.06.2017 година

**Почитувани,**

Врз основа на член 390 став 4 од Законот за трговски друштва, Андон Дудулоски како акционер со над 5 % од вкупниот број на акции со право на глас во законски предвидениот рок доставува

- **Барање за дополнување на дневниот ред со нова Предлог-одлука**

1. Дополнување на точка 4 од предложениот дневен ред со нова Предлог-одлука

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

Согласно член 26 и член 50 од Статутот на Современ дом АД Прилеп, а во врска со член 483 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на друштвото на седницата одржана на ден 13.06.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за распределба на чиста добивка**

Акционерско друштво за производство, трговија и услуги СОВРЕМЕН ДОМ

| Примено: | 18. 05. 2017 | | |
|---|---|---|---|
| Организ.ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 225 | 1 | / |

**Член 1**

**- Нето добивката од 2016 година во износ од 10.773.820,00 денари да се распореди за :**

1.ЗАКОНСКИ РЕЗЕРВИ ................................................538.691,00 денари

2. НОВИ ИНВЕСТИЦИИ..............................................10.235.129,00 денари

**Член 2**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со оглед на фактот дека добивката е помала од мината година, предлагам наместо дивиденда, целиот износ да се пренамени за инвестиции и тоа за нови складишни простори и целосно реновирање на дотраените.

Со почит,

**Андон Дудулоски**